# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 2/2022
## 16.02.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Акционен план за реализација на активности од енергетска ефикасност за 2022**

Се објавува **Акционен план за реализација на активности од енергетска ефикасност за 2022** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/1**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

# 0ПШТИНА НЕГОТИНО

## Акционен план за реализација на активности од енергетската ефикасност

## за 2022 година

**Акционен план** за енергетската ефикасност во **2022 година** на општина Неготино

| Ред бр | Проект/активност | Ц ел | Финансирано од | Корисник | Приближна вредност на инвестицијата (€) | Период на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дозамена на дел од постоечки светилки со штедливи | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | Сопствени средства | Општина Неготино | 11 300 | II квартал / 2022 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 2 | Поставување на соларни колектори за СТВ на градски стадион | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | Сопствени средства | Општина Неготино | 2 430 | II квартал / 2022 | Заштеда на енергија подобрена енергетска ефикасност |
| 3 | Поставување на соларни колектори за СТВ на спортска сала „Младост“ | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | Сопствени средства | Општина Неготино | 3 700 | III квартал/ 2022 | Заштеда на енергија подобрена енергетска ефикасност |
| 4 | Подобрување на енергетски карактеристики на објекти во општинска надлежност | Заштеда на енергија, подобрена енергетска | Сопствени средства | Општина Неготино | 8 100 | III квартал/ 2022 | Подобрување на термо енергетските карактеристики на зграда |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ефикасност | | | | | |
| 5 | Модернизација на внатрешното осветлување | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | МОН | ПОУ „Страшо Пинџур“ Пепелиште | 810 | II квартал /2022 | Заштеда на енергија подобрена енергетска ефикасност |
| 6 | Топлинска изолација на таван | Подобрување на енергетската ефикасност | МОН | ПОУ „Страшо Пинџур“ Пепелиште | 810 | III квартал/ 2022 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 7 | Поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија | Подобрување на енергетската ефикасност | МОН | ООУ „Гоце Делчев“ | 800 000 | III квартал/ 2022 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 8 | Поставување на централно топловодно греење | Подобрување на енергетската ефикасност | МОН | ПОУ „Гоце Делчев“ с. Курија | 200 000 | III квартал/ 2022 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Промена на топловодните котли | Подобрување на енергетската ефикасност | Влада на РСМ | ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ клон „Мајски цвет“ | 600 000 | I квартал/2022 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 10 | Промена на топловодните котли | Подобрување на енергетската ефикасност | Влада на РСМ | ЈОУДГ „Фемо Кулаков“ клон „Пролет“ | 600 000 | I квартал/2022 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 11 | Подигање на свеста за значењето на енергетската ефикасност, подобрување на знаењата за ЕЕ и ОИЕ на јавноста | Подобрување на енергетската ефикасност | Сопствени средства | Граѓани на Општина Неготино и на ВПР | 810 | 2022 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |

**бр.08-116/3**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Правилник за утврдување на критериумите за стимулација на инвестиции во општина Неготино**

Се објавува **Правилник за утврдување на критериумите за стимулација на инвестиции во општина Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/2**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.Весник на РМ 3 бр.52/05), а во врска со Одлуката бр.**08-62/5** од **31.01.2022** година на Советот на општина Неготино ( „ Сл.Гласник на општина Неготино бр. 01/22 ), Советот на Општина Неготино на ден **15.02.2022** година, го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СТИМУЛАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИИ ВО ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за стимулација на инвестиции во општина Неготино.

**Член 2**

Целта за донесувањето на Правилникот е врз основа на утврдување на поволности за новоотворените стопански/индустриски капацитети да се поттикнуваат нови инвестиции во општина Неготино.

Поволности се утврдуваат во делот на локалните такси и даноци и во делот на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Критериумите и поволностите се утврдуваат во согласност со законските прописи од соодветната област.

**II. КРИТЕРИУМИ И ПОВОЛНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ДАНОК НА ПРОМЕТ**

**Член 3**

Поволностите во делот на данок на промет се утврдуваат во согласност со Законот за данок на имот („Службен весник на РМ" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 151/21).

**Член 4**

Во случај кога се врши купопродажба на земјиште или друг недвижен имот, кој што недвижен имот се купува со цел изградба на стопански/индустриски капацитети или обновување и проширување на веќе постоечките на подрачјето на општина Неготино, а обврзник на данок на промет е правно лице –потенцијален инвеститор во општина Неготино, согласно пропорционалната законска рамка, се утврдува помала даночка стапка од веќе утврдената од 3%.

Висината на даночната стапка на данок на промет на недвижности, во случај кога обврзник на данок е правно лице кое купува имот со цел инвестирање во стопански/индустриски капацитети во општина Неготино, е пропорционална и зависи од бројот на идните вработувања.

- доколку правното лице преземе обврска за вработување од 3 до 10 вработени висината на даночната стапка ќе изнесува 2,7%.

- доколку правното лице преземе обврска за вработување од 11 до 30 вработени висината на даночната стапка ќе изнесува 2,5%.

- доколку правното лице преземе обврска за вработување повеќе од 30 вработени висината на даночната стапка ќе изнесува 2 %.

Рокот за исполнување на обврската за вработувањата изнесува максимум **4** години сметано од моментот на утврдувањето на данокот на промет.

Доколку инвеститорот не е во можност да ја исполни обврската за вработувањата во рамките на рокот утврден во ставот 3 од овој член, поради виша сила (војна, елементарна непогода, како и одовлекување на постапките за издавање потребни дозволи од страна на државните или локалните власти), врз основа на негово барање поткрепено со соодветни докази, Советот на општина Неготино може да донесе одлука за пролонгирање на рокот.

Правното лице презема обврска бројот на вработени да не се намали под 10% во наредните четири години од исполнување на условот.

**Член 5**

Критериуми за исполнување на условот за намалување на даночната стапка се:

-Правното лице да е основано во Централниот регистар на РСМ,

- предмет на продажба да е земјиште на кое ќе се гради стопански/индустриски капацитет или друг недвижен имот кој се купува со цел отварање на нови или обновување и проширување на веќе постоечките индустриски капацитети.

-Правното лице да поднесе изјава заверена на нотар под целосна морална материјална и кривична одговорност за правното лице и за органот на управување во истото во која:

- ќе биде јасно наведена намената на недвижниот имот предмет на купопродажба и преземена обврската за бројот на вработувања.
- ќе биде наведена и обврската да доколку во рокот наведен од член 4 став 3 од овој правилник не ја исполни обврската за бројот на вработувања ќе биде задолжен со дополнително даночно Решение на градоначалникот на општина Неготино да ја доплати разликата од повластената даночната стапка до утврдената даночната стапка од 3%.
- физичкото лице –управител или основач на правното лице ќе се обврзе како гарант-платец за доплата на разликата од повластената даночната стапка до утврдената даночната стапка од 3%, во случај доколку во рамките на дефинираниот рок не се исполни обврската, а разликата во данокот на промет неможе да се наплати од правното лице обврзник на данок на промет.

**Член 6**

Врз основа на одредбите во точка II од овој Правилник, по усвојување на истиот, ќе се направи измена и дополнување на Одлука за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Неготино. бр.07-452/3 од 02.09.2005 година на Советот на општина Неготино.

## III. КРИТЕРИУМИ И ПОВОЛНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА КОМУНАЛНИ ТАКСИ

**Член 7**

Поволностите во делот на комуналните такси се утврдуваат во согласност со Законот за комунални такси („Службен весник на РМ” бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/21).

**Член 8**

Во согласност со член 6 став 6 од Законот за комунални такси целосно се ослободуваат од плаќање на комунална такса вршителите на дефицитарни занимања на подрачјето на општина Неготино.

Советот на општина Неготино во рок од два месеци од усвојувањето на овој правилник ќе донесе Одлука во која ќе бидат прецизно утврдени дефицитарните занимање на подрачјето на општина Неготино.

**Член 9**

Имајќи ја во предвид обврската за плаќање на комунална такса за секоја деловна единица-подружница на правното лице, доколку правното лице има основано една подружница со иста адреса како адресата на главното седиште за деловната единица нема да се наплаќа комунална такса.

**Член 10**

Врз основа на одредбите во точка III од овој Правилник, по усвојување на истиот, ќе се направи измена и дополнување на Одлука за висината на комуналните такси во општина Неготино бр.07-452/4 од 02.09.2005 година на Советот на општина Неготино.

## IV. КРИТЕРИУМИ И ПОВОЛНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Член 11**

Поволностите во делот на уредување на градежно земјиште се утврдуваат во согласност со Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ” бр.275/19) и Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(„Службен весник на РМ“ бр.193/16, 72/18).

**Член 12**

Инвеститори-правни лица кои што ќе градат стопански/индустриски капацитети на подрачјето на општина Неготино со намена Г2, Г3 и Г4, во трета, четврта, петта шеста, седма и осма зона и кои ќе вработат во конкретните стопански/индустриски капацитети минимум 50 лица, ќе бидат ослободени од надоместок за уредување на градежно земјиште.

Кога индустрискиот капацитет се гради на неуредено градежно земјиште ослободувањето ќе се однесува само за процентот предвиден во Програмата на општина Неготино за претходни вложувања.

**Член 13**

Постапката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се спроведува со одлука на Советот на општина Неготино, врз основа на претходно доставен бизнис-план со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

Во конкретните одлуки на Советот на општина Неготино ќе бидат дефинирани обврските за реализација на вработувањата од членот 13 на овој Правилник, начинот на исполнување на обврските, како и начинот на дополнителната наплата на надоместокот доколку инвеститорот не го исполни дадените критериуми.

**Член 14**

Врз основа на одредбите во точка IV од овој Правилник, по усвојување на истиот ќе се направи измена и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2022 година.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Се задолжуваат службите во општина Неготино да воведат регистар на повластени правни лица, односно Одделение за даноци да води регистар на предмети кај кои е наплатено со повластена даночна стапка и регистар на фирми кои вршат дефицитарни занимања, одделение за комунални дејности и сообраќај

да води регистар на правни лица ослободени од надоместок за уредување на градежно земјиште.

**бр.08-116/4**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на на Одлука за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Неготино**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на на Одлука за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/3**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 22 став 1 и 2 од Законот за даноци на имот ("Сл.весник на РМ" бр. бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Сл.весник на РСМ" бр.151/21) и член 79 став 1 точка 5 од Статутот на општина Неготино („Сл.Гласник на општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), а во врска со член 8 од Правилникот за утврдување на критериумите за стимулација на инвестиции во општина Неготино Советот на општина Неготино на седницата одржана на **15.02.2022** година, донесе

## О Д Л У К А

## За измена и дополнување на одлука за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Неготино

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на одлука за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Неготино со број **07-452/3** од **02.09.2005** година на советот на општина Неготино.

### Член 2

Во **член 4 од Одлуката за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Неготино**, по ставот 1 се додаваат нови ставови 2 и 3 кои гласат:

Во случај кога се врши купопродажба на земјиште или друг недвижен имот, кој што недвижен имот се купува со цел изградба на стопански/индустриски капацитети или обновување и проширување на веќе постоечките на подрачјето на општина Неготино, а обврзник на данок на промет е правно лице –потенцијален инвеститор во општина Неготино, согласно пропорционалната законска рамка, се утврдува помала даночна стапка од веќе утврдената од 3%.

Висината на даночната стапка на данок на промет на недвижности, во случај кога обврзник на данок е правно лице кое купува имот со цел инвестирање

во стопански/индустриски капацитети во општина Неготино, е пропорционална и зависи од бројот на идните вработувања.

- доколку правното лице преземе обврска за вработување од 3 до 10 вработени висината на даночната стапка ќе изнесува 2,7%.

- доколку правното лице преземе обврска за вработување од 11 до 30 вработени висината на даночната стапка ќе изнесува 2,5%.

- доколку правното лице преземе обврска за вработување повеќе од 30 вработени висината на даночната стапка ќе изнесува 2 %.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-116/5**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на на Одлука за висината на комуналните такси во општина Неготино**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на на Одлука за висината на комуналните такси во општина Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/4**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр. 5/02), член 2 став 2 и член 6 став 6 од Законот за комуналните такси(„Службен весник на РМ” бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/21) и член 79 став 1 точка 5 од Статутот на општина Неготино („Сл.Гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20), а во врска со член 11 од Правилникот за утврдување на критериумите за стимулација на инвестиции во општина Неготино Советот на општина Неготино на седницата одржана на **15.02.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на одлука за висината на комуналните такси во општина Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на одлуката за висината на комуналните такси во општина Неготино со број **07-452/4** од **02.09.2005** година на Советот на општина Неготино.

**Член 2**

Во одлуката за висината на комуналните такси во општина Неготино по членот 2 се додава нов член кој гласи:

Целосно се ослободуваат од плаќање на комунална такса вршителите на дефицитарни занимања и занаети во изумирање на подрачјето на општина Неготино, кои ќе бидат утврдени како такви со посебна одлука на Советот на општина Неготино.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-116/6** **Совет на општина Неготино**
**15.02.2022 година** **Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

Се објавува **Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/5**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка ( „ Сл.весник на РМ бр. 79/09) член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ “ бр.05/02 ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12,16/14 и 13/20) , Советот на општина Неготино на 6 редовна седница одржана на ден **15.02.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка**

**Член 1**

Се прифаќа предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка утврден од Советот на општина Кавадарци со одлука бр. **08-347/11** од **27.01.2022** година поднесен од градоначалникот на општина Кавадарци **бр.09-348/1 од 20.01.2022** година за размена на искуства и остварување на заедничка стручна соработка на општинските администрации и ТППЕ на двете општини, за поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општината утврдени во Законот за локална самоуправа за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив, противпожана заштита и заштита на животната средина и природата, помеѓу општина Кавадарци и општина Неготино.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08-116/7**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за доделување на користење на просторија во објект „ Желкова куќа “ на Градски шаховски клуб Неготино**

Се објавува **Одлука за доделување на користење на просторија во објект „ Желкова куќа “ на Градски шаховски клуб Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/6**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.веснк на РМ “ бр.5/02 ) и член 79 од став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл. гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **15.02.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За доделување на користење на просторија во објект „ Желкова куќа “ на Градски шаховски клуб Неготино**

**Член 1**

На Градскиот шаховски клуб Неготино му се доделува една просторија на користење во **„ Желкова куќа “** , на 3 спрат на улица „ Ацо Аџи Илов “ бр.14 – Неготино.

Погоре опишаната просторија се дава на користење без надомест за временски период од **5 години**.

Општина Неготино како сопственик на објектот од став 1 на овој член го задржува правото доколку се јави потреба за користење на просторијата за други намени да обезбеди друга просторија за потребите на Градскиот шаховски клуб.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08-116/8**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за сопствено учество на општина Неготино - Локална самоуправа, во реализација на проектот „ Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство**

Се објавува **Одлука за сопствено учество на општина Неготино - Локална самоуправа, во реализација на проектот „ Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/7**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 79 став1 точка 50 од Статутот на општина Неготино ("Сл.гласник на општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 и 13/20), Советот на Општина Неготино на седницата на ден **15.02.2022** година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За сопствено учество на општина Неготино - Локална самоуправа, во реализација на проектот „ Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

### Член 1

Општина Неготино - Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот **„ Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

### Член 2

Вкупната вредност на Проектот е **1.358.000,00** денари со вклучен ДДВ. Средствата во износ од **396.203,00** денари се учество на општина Неготино , а останатите средства во висина од **961.797,00** денари се учество од партнерските општини Кавадарци , Росоман и Демир Капија.

### Член 3

Финансиските средства за учество на општина Неготино , од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Неготино за 2022 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа воспоставување на Советувалишен центар со цел да се подобри пристапот до специјализирани сервиси за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство на локално/регионално ниво.

**Член 5**

Оваа одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08-116/9**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во населеното место Брусник**

Се објавува **Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во населеното место Брусник** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/8**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 6 став 2 и став 3 од Законот за комунални такси (Сл.весник на РМ бр.61/04, 64/05 92/07 и 123/12) , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл. гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **15.02.2022** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на имматели на електрични броила во населеното место Брусник**

**Член 1**

Со оваа одлука се ослободуваат од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување имателите на електрични броила во населеното место Брусник поради тоа што во населеното место нема инсталација на улично осветлување.

**Член 2**

На имателот на броило за мерење на електрична енергија во населеното место Брусник , ќе му биде издадена потврда од општина Неготино доколку претходно достави барање до општината со приложена фактура доставена од ЕВН Дистрибуција КЕЦ Кавадарци за броилото монтирано на својот објект, доказ за редовно плаќање на потрошената електрична енергија за последните шест месеци, како и имотен лист како доказ за сопственост на објектот.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведе ЕВН Дистрибуција , КЕЦ Кавадарци седиште Индустриска бб Неготиносо доставување на потврда од страна на општина Неготино за физички лица како баратели/сопственици на броила за мерење на електрична енергија во населеното место Брусник.

ЕВН КЕЦ Кавадарци со доставувањето на потврда од страна на општина Неготино е дожна да води евиденција на корисниците на електричните броила од горенаведеното село.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08-116/10**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во м.в. Малотемов Лак , КО Неготино**

Се објавува **Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во м.в. Малотемов Лак , КО Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/9**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 6 став 2 и став 3 од Законот за комунални такси (Сл.весник на РМ бр.61/04, 64/05 92/07 и 123/12) , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **15.02.2022** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на имател на електрични броила во м.в. Малотемов Лак КО Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука се ослободуваат од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување имателите на електрични броила во поради тоа што во населеното место **м.в. Лагот КО Неготино** поради тоа што во горенаведената месност нема инсталација на улично осветлување.

**Член 2**

На имателот на броило за мерење на електрична енергија во **м.в. Малотемов Лак КО Неготино** , ќе му биде издадена потврда од општина Неготино доколку претходно достави барање до општината со приложена фактура доставена од ЕВН Дистрибуција , КЕЦ Кавадарци за броилото монтирано на својот објект, доказ за редовно плаќање на потрошената електрична енергија за последните шест месеци, како и имотен лист како доказ за сопственост на објектот.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведе ЕВН Дистрибуција , КЕЦ Кавадарци седиште Индустриска бб Неготино со доставување на потврда од страна на општина Неготино за физички лица како баратели/сопственици на броила за мерење на електрична енергија во **м.в. Малотев Лак КО Неготино** .

ЕВН КЕЦ Кавадарци со доставувањето на потврда од страна на општина Неготино е должна да води евиденција на корисниците на електричните броила од горенаведеното село.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08-116/11**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Се објавува **Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/10**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/11, 09/11, 16/12, 16/14 и 13/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на **15.02.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

**Член 2**

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , **КП бр. 315/10** КО Калањево – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 4 со намена А4-3 викенд куќа, (според геодетски елаборат бр. **0803/88** од **20.06.2018** година на ДГРИ К-4 ДООЕЛ Неготино).

**Член 3**

Оваа Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08-116/12**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **15.02.2022** година.

**Бр.09-128/11**
**16.02.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл. Гласник на Општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12,16/14 и 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на **15.02.2022** година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. **Цветанка Петрова** од Неготино во износ од **3.000,00** денари
2. **Јулијана Николова** од Неготино во износ од **4.000,00** денари
3. **Бошко Ташев** од Неготино во износ од **3.000,00** денари
4. **Борјанка Толова** од с. Долни Дисан во износ од **4.000,00** денари
5. **Наталија Коцева** од Неготино во износ од **6.000,00** денари
6. **Живко Бојчовски** од неготино во износ од **6.000,00** денари
7. **Тони Китанов** од Неготино во износ од **3.000,00** денари
8. **Димче Милев** од Неготино во износ од **6.000,00** денари
9. **Ќиро Стевановиќ** од Неготино во износ од **3.000,00** денари
10. **Весна Матлиова** од с. Долни Дисан во износ од **6.000,00** денари
11. **Горан Станков** од с.Пепелиште во износ **од 4.000,оо денари**

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино ".

**бр.08-116/13**
**15.02.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

# СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 2/2022


1. Заклучок за објавување на Акционен план за реализација на активности од енергетската ефикасност за 2022 година
2. Акционен план за реализација на активности од енергетската ефикасност за 2022 година
3. Заклучок за објавување на Правилник за утврдување на критериумите за стимулација на инвестиции во општина Неготино
4. Правилник за утврдување на критериумите за стимулација на инвестиции во општина Неготино
5. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на на Одлука за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Неготино
6. Одлука за изменување и дополнување на на Одлука за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Неготино
7. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на на Одлука за висината на комуналните такси во општина Неготино
8. Одлука за изменување и дополнување на на Одлука за висината на комуналните такси во општина Неготино
9. Заклучок за објавување на Одлука  за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка
10. Одлука  за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка
11. Заклучок за објавување на Одлука за  доделување на користење на просторија во објект „ Желкова куќа “ на  Градски шаховски клуб Неготино
12. Одлука за  доделување на користење на просторија во објект „ Желкова куќа “ на  Градски шаховски клуб Неготино
13. Заклучок за објавување на Одлука за сопствено учество на општина Неготино - Локална самоуправа, во реализација на проектот „ Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство
14. Одлука за сопствено учество на општина Неготино - Локална самоуправа, во реализација на проектот „ Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство

15. Заклучок за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во населеното место Брусник
16. Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во населеното место Брусник
17. Заклучок за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во м.в. Малотемов Лак , КО Неготино
18. Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење и оддржување на јавно осветлување на иматели на електрични броила во м.в. Малотемов Лак , КО Неготино
19. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација
20. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација
21. Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош
22. Решение за доделување на еднократна парична помош